МЗЗПР

ТУТЕЛА Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД
MINISTRIA E EKONOMISË DHE PUNËS
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 04-02-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| | | | |

**До**

Министерство за економија и труд

Министер за економија и труд

Совет за безбедност и здравје при работа

**Дата:** 02.02.2026 г.

**Предмет:** Реакција, забелешки, предлози – подзаконски акти, правилници, кои ја регулираат областа безбедност и здравје при работа (БЗР)

Почитувани,

Поттикнати од започнатиот процес за генерална ревизија, под првезот на усогласување, и повторно донесување на поголем дел од подзаконските акти, правилници, кои ја регулираат областа безбедност и здравје при работа (БЗР), од страна на Министерството за економија и труд (МЕТ), како Здруженија кои ги обединуваат стручните лица за безбедност при работа (БР) кои секојдневно во текот на реализација на своите работни активности, основна појдовна алатка им се законските и подзаконските акти кои се тема на оваа актиност од МЕТ, укажуваме на следното:

Во поглед на Правилниците кои произлегуваат од Директивите:

1. Употребениот термин "усогласат" значи дека треба да се направи анализа дали има измени и дополни на Директивите кои се наведени во секој од Правилниците соодветно. Доколку има треба да има промени и во содржината на самите Правилници кои се во моментов предмет на анализа. Тоа секако побарува време и професионален пристап од страна на работни групи составени од професионалци.

1. **ПРАВИЛНИК ЗА ЗНАЦИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
   - **Усогласеност со ЕУ директиви**
     - Усогласен со соодветната ЕУ директива.
   - **Предлог за измени:**
     - Во Прилог 2 точка 1.6 споменатите стандарди да се заменат со стандардите МКС ISO 3864-1:2019 и МКС ISO 3864-4:2019 соодветно бидејќи овие стандарди ги заменуваат споменатите во правилникот.

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска бб, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk

- Со цел дефинирање на усогласен и единствен систем за БЗР во делот на знаци за БЗР, правилникот:
    - **да се дополни** со дел со кој секој работодавач се обврзува да изготви, одржува и применува план за знаци за безбедност и здравје при работа за секој објект, локација и работна целина
    - **да се дополни** со дел за обврска на работодавачот да води регистар на знаци со кој се обезбедува целосна следливост.
    - со цел на следливост на состојбата со знаци **да се дополни** со дел дека работодавачот е должен да воспостави систем на периодични проверки на знаците за БЗР, со цел утврдување на нивната состојба и ефективност, најмалку еднаш годишно
    - **со цел континуирано следење на познавањето на значењето на знаците** од страна на вработените, работодавачот е должен да спроведе обука и проверка на разбирање на знаците кај вработените

## 2. ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИТЕ НА РИБАРСКИ БРОДОВИ

- **Усогласеност со ЕУ директиви**
    - Генерално усогласен со соодветната ЕУ директива (93/103/ЕС).
- **Предлог за измени:**
    - Во правилникот да се вметнат Прилозите 1-4.
    - Да се доуреди делот за бродови <15 m
    - Да се доуреди делот за проценка на ризик
    - Да се доуреди делот за обука и информирање на работници
    - Да се доуреди делот за здравствени прегледи
    - Корекција на правописни грешки.

## 3. ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИ ОД РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИ АГЕНСИ (ЕЛЕКТРОМАГНЕТНИ ПОЛИЊА)

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
    - **Не е усогласен** со соодветната ЕУ директива (2013/35/ЕУ)
    - Постоечкиот е усогласен со директива (2004/40/ЕС) која веке не е на сила
- **Предлог за измени:**
    - **Да не се брза со носење на овој правилник** и во целост да се усогласи со директивата.

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска бб, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk

4. **ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИ ОД РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ИЗЛОЖУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИ АГЕНСИ (ВЕШТАЧКО ОПТИЧКО ЗРАЧЕЊЕ)**

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Усогласен е со соодветната ЕУ директива (2006/25/ЕС).
- **Предлог за измени:**
  - Корекција на терминолошки и правописни грешки.

5. **ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ВАДЕЊЕ НА МИНЕРАЛИ СО БУШЕЊЕ**

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Усогласен е со соодветната ЕУ директива (92/91/ЕЕС)
- **Предлог за измени:**
  - Корекција на терминолошки и правописни грешки.

6. **ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА БРЕМЕНИ РАБОТНИЧКИ, РАБОТНИЧКИ КОИ НЕОДАМНА СЕ ПОРОДИЛЕ ИЛИ ДОЈАТ**

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Усогласен е со соодветната ЕУ директива (92/85/ЕЕС)
- **Предлог за измени:**
  - **Да се корегираат Прилозите 1 и 2** особено во означувањето на хемикалиите. Впишаните R-фрази (Risk phrases) да се заменат со H-фрази (Hazard statements) според новиот CLP регулативен систем на ЕУ (Регулатива (ЕС) 1272/2008).
  - Да се промени дозволената тежина од 5 кг, односно да се усогласи со Правилникот за рачно пренесување на товар - 3 кг.

7. **ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИ ОД РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ИЗЛОЖЕНОСТ НА БИОЛОШКИ АГЕНСИ**

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Усогласен со основната ЕУ директива (2000/54/ЕС)

- За целосна усогласеност, потребно е правилникот да се доработи и усогласи со измените и дополнувањата на основната директива, односно со Директивите на Комисијата (2019/1833/EU и 2020/739/EU)

- **Предлог за измени:**
  - Да се повлече сегашниот текст на правилникот и да се доработи така што ќе ги вклучува измените од Директивите 2019/1833/EU и 2020/739/EU.
  - да се ажурира листата на биолошки агенси
  - прецизни обврски за проценка на ризик и мониторинг на изложеност.
  - мерките за превенција и контрола
  - програмите за обука и информирање за работниците.

## 8. ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ВРАБОТЕНИ ОД РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ИЗЛОЖУВАЊЕ НА КАНЦЕРОГЕНИ, МУТАГЕНИ ИЛИ СУПСТАНЦИ ТОКСИЧНИ ЗА РЕПРОДУКТИВНИОТ СИСТЕМ

Директивата 2004/37/ЕЗ (за заштита на работници од ризиците поврзани со изложеност на канцерогени, мутагени и други опасни супстанци на работа), била предмет на повеќе измени по нејзиното донесување во 2004 година.

Целта на измени е засилување на заштитата на работниците преку проширување на опсегот на супстанци, намалување на гранични вредности за изложеност и уредување дополнителни обврски за работодавачи и држави членки. (osha.europa.eu)

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Не е целосно усогласен со основната директива Директива (2004/37/ЕС), односно со директивите кои ја менуваат основната директива

- **Предлог за измени:**

  - Да се повлече сегашниот текст на правилникот и да се доработи

  - Да се усогласи со основната Директива како и со нејзините измени: Директива 2014/27/EU; Директива (EU) 2017/2398; Директива (EU) 2019/130; Директива (EU) 2019/983; Директива (EU) 2022/431, односно
  - Според официјалните податоци од EUR-Lex и EU-OSHA, Директивата 2004/37/ЕЗ е изменета со неколку последователни акти:
  - Directive 2017/2398/EU - Променет дел од опсегот и воведени нови гранични вредности за одредени канцерогени супстанци. (osha.europa.eu)

- Directive 2019/130/EU - Дополнително намалување на гранични вредности за други канцерогени агенси. (osha.europa.eu)
- Directive 2019/983/EU - Уредува дополнителни вредности за изложеност и транзициски рокови за одредени супстанци. (osha.europa.eu)
- Directive 2022/431/EU - Најзначајна измена: проширување на насловот и опсегот на Директивата со вклучување и на репротооксични супстанци (супстанци кои можат да влијаат на репродукцијата и развојот), а не само канцерогени и мутагени. (osha.europa.eu)
- Directive 2024/869/EU (дополнителна измена) - Воведе построги биолошки гранични вредности и дополнителни здравствени мерки, на пример за изложеност на олово и негови неоргански соединенија. (osha.europa.eu)

## 9. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕКРШОЦИТЕ, ИЗРЕЧЕНИТЕ САНКЦИИ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Не постои директива, произлегува од законот.

- **Предлог за измени:**
  - Во основата за донесување на правилникот да се додаде и службен весник бр. 129/15.

## 10. ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ВРЗ ОСНОВА НА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И МЕСТОТО НА ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ РАБОТИ

- **Усогласеност со ЕУ директиви:**
  - Не постои директива, произлегува од законот.

- **Генерални констатации:**
  - Самиот наслов кажува дека се дефинира висината на трошоците врз основа на видот, начинот, обемот и местото на извршените стручни работи.
  - Во однос на измените на насловот на постоечкиот **Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа**, иако истите делумно се образложени во Мислењето, со новата формулација правилникот е насловен како **Правилник за висината на трошоците за извршување на стручни работи врз основа на видот, начинот, обемот и местото на извршените стручни работи**, во согласност со член 45 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа. Со ваквата

формулација изостанува јасна нормативна определба дека правилникот се однесува на стручните работи од областа на безбедност при работа, што во претходниот правилник беше недвосмислено утврдено, при што неговата примена беше ограничена на услугите што ги обезбедуваат овластените правни лица овластени од министерот надлежен за труд (претходно труд и социјална политика, а сега економија и труд), а не и на услугите што ги обезбедуваат овластените здравствени установи по медицина на труд, особено во делот на нивното учество во изработката на проценката на ризик.

- Во содржината на правилникот во ниту еден момент, ниту една одредба не разликува трошоци во однос на начинот и местото на извршување на стручните работи туку во предвид се земени видот и обемот. Поради тоа е потребно проширување на правилникот и да се дефинираат и трошоци каде во предвид ќе бидат земени и начинот и местото на извршување на стручните работи.
- Овој правилник се однесува за сите извршени стручни работи што е во ред за правните субјекти кои имаат овластување за услуги. Останува дискутабилно прашањето „Како ќе наплатат оние правни субјекти кои имаат овластување и ги извршуваат стручните работи за себе?“. Ако не наплатат тогаш го прекршуваат правилникот и согласно законските одредби треба да им се одземе овластувањето, односно посоченото треба да се усогласи и пропише.
- Постоечкиот правилник е донесен во 2019 год., и до сега се поминати цели 6 (шест) години.
- Следејки ги зголемените трошоци за живот преку индексот на трошоци за живот, дадени во табелата подолу (извор Државен завод за статистика) се поставува прашањето дали правните лица можат да опстанат со дефинирани исти трошоци во денешни услови.

| **Година на споредба** | **Зголемување на индекс на трошоци за живот (%)** |
|---|---|
| 2020/2019 | 1,2 |
| 2021/2020 | 3,2 |
| 2022/2021 | 14,2 |
| 2023/2022 | 9,4 |
| 2024/2023 | 3,5 |
| 2025/2024 | Нема податок |

- Немајки податок за споредба во 2025 и 2024 година излегува дека индексот на трошоците за живот за годините за кои има податок изнесува збирно 31,5%, без 2025/2024 година.

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска 6б, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје
contact@tutela.org.mk

- Набавка, одржување, калибрација на мерните инструменти со кои се вршат мерењата е дополнителен трошок кој истото така е во константен прогрес.
- Сето погоре наведено директно влијае на услугите за извршување на стручните работи за безбедност при работа од страна на овластените правни и физички лица.
- Дополнително ставот на овластените правни лица кои вршат стручни работи за безбедност при работа е дека, неопходно е да има интервенција / корекција, односно зголемување на минималните цени на наведените услуги, заради стапката на инфлација од 2019 година до сега, кога беше донесен овој Правилник. Предлог е и дека треба да има корекција на годишно ниво согласно годишната инфлаторната стапка.
- Неостварлив е предлогот за фиксни цени, или цени од – до, бидејќи услугите кои ги нудаат правните лица се за дејности со различен степен на сложеност, тежина, што побарува и поголеми човечки, материјални, временски ресурси. Тоа беше и една од причините зошто со носење на за сега актуелниот правилник, во 2019 беше направена промената од фиксни на минимални цени.
- Сето погоре наведено го поставува прашањето дали со измените ќе се тежнее да се запази само формата или интенцијата е добивање на квалитетни прописи кои ќе бидат добра алатка која ќе овозможи добра практична примена од страна на засегнатите чинители.

**За правилниците кои предлагаме да се повлечат е потребно повеќе време и простор за нивно усогласување со ЕУ директивите.**

За ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ВРЗ ОСНОВА НА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И МЕСТОТО НА ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ РАБОТИ имајќи во предвид дека членовите на нашите Здруженија се и вршители на стручни работи како правни или физички лица, земајќи го во предвид посоченото во точка 10 од овој допис, предлагаме работен состанок со претставници на МЕТ за усогласување, појаснување и изготвување на нов правилник.

За правилниците кои произлегуваат од актуелниот закон и кои се донесоа во минатиот период и за кои веќе реагиравме, се надеваме дека истите ќе бидат повлечени, усогласени и реобјавени.

На крај ќе потенцираме дека очекуваме актуелизирање / продолжување на постапката за носење на нов Закон за БЗР, со кој ќе се разрешат и надминат сите отворени дилеми.

Со искрени желби за успешна соработка во интерес на БЗР,

**Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Предраг Зариќ )**

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Петар Наумовски )**

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Благоја Богоевски )**

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Дејан Ангеловски )**

**Здружение за заштита при работа на општина Битола**
ул.Партизанска бб, Народна техника, 7000, Битола
zzprbt@gmail.com

**Македонско здружение за заштита при работа, Скопје**
Градски Трговски Центар-ГТЦ, локал 582, кат 1, секција 369
kontakt@mzzpr.org.mk

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**
ул. Јордан Мијалков бр.40 локал 10
zbr28april@yahoo.com

**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
ул.Антон Попов бр.6, Скопје

contact@tutela.org.mk